ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-167/12**

**Дата: 14.12.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА БЕРОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Берово за 2010 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година, при што е утврдено дека препораките се спроведени, освен препораката што се однесува на вршењето на пописот на средствата и обврските, каде што сеуште не се спроведуваат во целост законските одредби кои го пропишуваат начинот на вршење на пописот. Спроведени се препораките во однос на евидентирање на неевидентираната опрема и воведување инвентарни броеви на опремата.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.
Во Општина Берово е воспоставен систем на интерни контроли во процесот на плаќање, како систем на финансиски и други контроли, што го намалува ризикот од незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства.
Извршена е делумна проценка и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 1999 година, додека за останатиот дел од имотот постапките се во тек.
Не се регулирани односите со јавното претпријатие во однос на обемот на услугите што ги врши јавното претпријатие и цените на извршените работи.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 31-174/3 од 26.05. 2011 година.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

**1.Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Берово, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Берово за 2006 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Берово под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е изразено негативно мислење, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година е изразено мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драги Наџински - градоначалник на Општина Берово во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Берово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2.Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

–финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

–усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 15.07 до 01.08.2011 кај Општина Берово од тим на Државниот завод за ревизија .

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.
Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на 09.09.2011 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 30-167/4 од 18.10.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

**4.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско

плаќање, ревизијата констатира дека се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање. Донесени се пишани процедури за движење на документацијата во кои се дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите, меѓутоа, процедурите не се усогласени со постојните состојби во општината. Во наведените процедури пропишано е одговорниот сметководител да ја потврдува веродостојноста на документацијата по која треба да се изврши плаќање, но бидејќи во Општината нема одговорен сметководител, овие надлежности се пренесени на други лица.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Берово да обезбеди усогласување на пишаните процедури при вршење на безготовинското плаќање во согласност со постојната ситуација во Општината.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Одржувањето на јавна чистота и одржувањето на јавни површини и зеленило на територијата на Општина Берово го врши ЈПКР "Услуга". Советот на Општината има донесено Програма за одржување на јавна чистота во Општина Берово за 2010 година во која се утврдени вид, обем, динамика и начин на извршување на работите, како и финансиските средства за реализација на Програмата. Одржувањето на јавните површини и зеленило е планирано во програмата за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2010 година, усвоена од советот на Општина Берово. Надоместокот за одржување јавна чистота за одржување на јавни површини и зеленило е определен со Одлуки донесени од советот на Општина Берово.

За реализација на годишните програми за работа не се регулирани односите помеѓу ЈПКР „Услуга" и Општина Берово во кои ќе се утврдат обврските, правата и одговорностите помеѓу двете страни од аспект на утврдување на обемот на работа и цената на услугата за извршената работа.

ЈПКР „Услуга" на Општината и доставува месечни фактури за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општината, а прилог кон фактурите се прегледи за површините на улиците кои биле предмет на одржување на јавна чистота кои се фиксни секој месец односно непроменливи, додека износот по кој се фактурира од месец во месец се разликува.

За одржување на јавни површини и зеленило се фактурираат месечни паушални износи, а кон фактурите се приложува преглед за површините на улиците кои биле предмет на одржување кои се непроменливи секој месец. Во фактурите од ЈПКР„ Услуга“ нема калкулација на цената по која ЈПКР и фактурира на Општината, односно цената по која фактурира е на вкупен износ.
Надзор над извршените работи се врши од страна на одговорно лице од Општината од Одделението за комунални работи кое одржувањето на јавната чистота и зеленило го потврдува со повремени контроли на терен и телефонски контакти со вработените во ЈПКР, меѓутоа, нема потврда за реално извршената работа бидејќи нема мерливост на извршените услуги.
Нерегулираните односи помеѓу Општината и јавното претпријатие има влијание на реалноста на направените трошоци и финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се регулираат односите со јавното претпријатие во однос на обемот на услугите, цените и контролата и потврдата на обемот на извршените работи од страна на ЈПКР “Услуга’.

4.2.2. За изградба на плато и пазар во с. Митрашинци, паркинг простор и уредување со тампонирање на улици во Шутевска Маала во с.Русиново, во износ од 639 илјади денари не е приложено одобрение за градба и проект за градба, како услов за добивање одобрение за градба што не е во согласност со член 56 и член 59 од Законот за градење. Неизготвувањето на проект за градба создава ризик од неквалитетно изготвување премер пресметка, а со тоа и од нереално планирање на трошоци за градба.

**Препорака:**
При изградба на капитални објекти финансирани од Буџетот на Општината да се изготвува комплетна документација пропишана со Законот за градење.

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Пописот на средствата и обврските во Општина Берово не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници:

- не е извршено усогласување на крајот на годината на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот (инвентарисување), согласно член 29 од Правилникот. Извршен е физички попис на материјалните средства на крајот на 2010 година. Во пописниот материјал презентиран на ревизијата,

содржани се пописни листи за секоја просторија во Општината. Во нив се опфатени сите предмети количински. На сите предмети се ставени инвентарни броеви. Во пописните листи не се содржани вредносни показатели. Поради тоа што не е извршено усогласување на фактичката и сметководствената состојба, не е можно да се утврдат евентуални вишоци или кусоци.

- Не е извршен попис на обврските во согласност со членот 31-в од Правилникот, односно не е утврдена правната основа за постоење на обврските. За застарените обврски кон добавувачите изготвен е преглед на фактури за отпис по добавувачи од страна на вработен, меѓутоа, утврдувањето на неизмирените обврски кон добавувачите и предлогот за отпис на обврските е обврска на комисијата за попис.

Непреземените активности и мерки за спроведување на целосен попис од страна на комисијата создава можност од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Стручните служби во општината да изготват, а Градоначалникот да донесе интерен акт со кој ќе се утврди начинот и постапката за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.3.2. Не е извршена проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 1999 година, што не е во согласност со одредбите на членот 64 од Законот за локална самоуправа.
Во текот на 2010 година евидентирани се објектите во селата Будинарци и Митрашинци (обезбеден е имотен лист и извршена е проценка на вредноста на објектите), за дел од објектите се обезбедени имотни листови, меѓутоа, не е извршена проценка, а за дел од објектите постапката не е започната. Поради тоа, искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2010 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори.
Ова создава ризик од узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста, а со стапувањето во сила на Законот за проценка во 2012 година и до зголемени трошоци за проценка на имотот и негово легализирање.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе активности за добивање имотни листови за објектите за кои не е започната постапка, вреднување и евидентирање на преостанатиот имот.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. Спроведени се набавки во вкупен износ од 583 илјади денари без да се спроведат соодветни постапки за јавна набавка, што не е во согласност член 100 од законот. (Прилог2)
Набавките на стоки и услуги за кои не е спроведена постапка на јавна набавка ги нарушува основните принципи на Законот за јавни набавки кој налага конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

4.4.2. Спроведена е постапка за јавна набавка на услуги за одржување на моторни возила сопственост на Општина Берово со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас (09-06/2009), при што е утврдено дека:

- Во Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка на услуги за одржување на моторни возила не се назначени претседателот и членовите на комисијата за јавна набавка, нивниот број и нивните заменици, како и износот на средствата потребни за реализација на договорот што не е во согласност со Законот за јавните набавки (член 28).
- Образецот на понуда за доделување на договор за јавна набавка не содржи спецификација на резервни делови за кои ќе бидат доставени поединечните понуди односно цени по резервни делови од понудувачите. Еден од критериумите за избор на најповолен понудувач се единечните цени од лагер листа на оригинални делови, меѓутоа поради недоставената спецификација на резервни делови со оглед на големата палета на резервни делови во врска со видот на возилата кои ги поседува општината од страна на единствениот понудувач доставена е само понуда на моторни масла, антифризи и глицерини. Според тоа, во Договорот за јавна набавка склучен со најповолниот понудувач, вредност на договорот претставува цената на услугата за еден работен час, но не и единечните цени на резервните делови. Фактот што цените на резервните делови не се однапред договорени создава ризик од фактурирање и плаќање на повисоки трошоци.

**Препорака:**

Одлуката за јавна набавка да ги содржи сите потребни елементи предвидени во Законот за јавни набавки, и
Договорот за јавни набавки да содржи вкупна вредност на извршени работи и цената на поделни делови.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.3. а кое се однесува на неспроведениот попис во согласност со законската регулатива и неевидентиран дел од имотот, ревизијата не беше во можност да изаврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финансиските извештаи.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Берово на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Берово, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата по следните основи:

- зголемување на состојбата на Нематеријални средства за износ од 181 илјади денари за набавен софтвер, со истовремено зголемување на состојбата на сметката Државен јавен капитал, и
- зголемување на состојбата на Краткорочни финансиски обврски за 686 илјади денари за неевидентираните обврски кон советниците на Општина Берово со истовремено зголемување на состојбата на Активните временски разграничувања за истиот износ.

Скопје, 06.12.2011

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 41.336 | 34.500 |
| **Вкупно приходи** | | **41.336** | **34.500** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 13.646 | 13.271 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 351 | 209 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 11.811 | 13.031 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 1.535 | 1.063 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **27.343** | **27.574** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 13.993 | 6.926 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **13.993** | **6.926** |
| **Вкупно расходи** | | **41.336** | **34.500** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 8 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 1 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 9.294 | 4.178 |
| Залихи | 4.1.4. | 451 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.754** | **4.178** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 181 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 31.979 | 16.515 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 542 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **32.702** | **16.515** |
| **Вкупна актива** | | **42.456** | **20.693** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 7.641 | 3.121 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 967 | 1.057 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 686 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 551 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9.845** | **4.178** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на деловни средства | 4.4.1 | 30.878 | 16.515 |
| Ревалоризациона резерва | 4.4.2 | 1.733 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **32.611** | **16.515** |
| **Вкупна пасива** | | **42.456** | **20.693** |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА
ВО 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **16.515** | - | 16.515 |
| **Зголемување по основ на:** | **16.357** | **1.319** | **17.676** |
| Набавки во текот на годината на опрема | 174 | 1.319 | 1.493 |
| Ревалоризација 2010 | 1.733 | - | 1.733 |
| Набавки во текот на годината на градежни објекти | 5.758 | - | 5.758 |
| По извештај за процена | 3.508 | - | 3.508 |
| Градежни објекти-делбен биланс | 5.003 | - | 5.003 |
| Корекции во тек на ревизија | 181 | | |
| **Намалување по основ на:** | **712** | **868** | **1.580** |
| Амортизација, | 470 | - | 470 |
| Ревалоризација на амортизација | 242 | - | 242 |
| Трошење | | 868 | 868 |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **32.160** | **451** | **32.611** |

ОПШТИНА БЕРОВО

ОСВРТ НА РЕВИЗИЈАТА ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

**Преглед 1**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Општина Берово на сметката на основен буџет (637)**

| **Бр./ врска на наодот** | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препора-ката** | **Коментар на ревизорот/ субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1.** | **Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| **11.1.1.** | **Процес на плаќање** | | | |
| | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на готовинско и безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека постои ризик поради непостоење пишани процедури во делот на движењето на документацијата, уредно ликвидирање и евидентирање на истата и материјална евиденција. | Да се донесат пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање. | Спроведена | |
| **11.1.3.** | **Процес на јавни набавки** | | | |
| | Постои можност од нефер конкуренција на понудувачите, поради:<br>- изготвување некомлетна тендерска документација;<br>- не се изготвуваат изјави за конфликт на интереси;<br>- се склучуваат договори пред истекот на рокот за доставување жалби. | Комисијата за јавни набавки целосно да ги почитува одредбите од Законот за јавни набавки и да изготвува комплетна тендерска документација. | Спроведена | |



*Ревизорски тим:*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________

*Овластен државен ревизор*

______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.2.** | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |
| 11.2.1. | Во сметководството на општина Берово не се евидентирани вложувања во материјални средства (улици, патишта и други објекти) на соодветните сметки. | Последователните издатоци за средствата да се вклучат во зголемување на нивната вредност како основица за отпис. | Спроведено | |
| 11.2.2. | Евидентирањето на ситниот инвентар не се врши согласно Законот, поради што се нема увид во состојбата на залихите на ситен инвентар и ситен инвентар во употреба. Општината нема политика за евидентирање на истите. | Да се утврди соодветна сметководствена политика за евидентирање на ситниот инвентар и истата да се применува во целиот пресметковен период. | Не е спроведено | |
| 11.2.3. | За евидентирање на набавката на материјали нема утврдено конзистентна сметководствена политика. Не се изготвуваат приемници и издатници врз основа на требувања. Неевидентирањето на приемот и издавањето на материјалите не овозможува увид во состојбата на истите и придонесува за ненаменско користење. | Да се изготви сметководствена политика за евидентирање и вреднување на залихите;<br>Сметководствените трансакции да бидат поткрепени со соодветни сметководствени документи. | Спроведено | |
| 11.2.5. | Општина Берово нема утврдено сметководствена политика за евидентирање на издавањето и користењето на верна картичките. Истите не се евидентираат како Побарувања од вработените за дадени . | Градоначалникот да донесе интерен акт со кој ќе се утврдат корисници на верна картички, а за користењето да се воведе соодветна евиденција. | Спроведено | |
| 11.3.1. | Општина Берово има ангажирано лица за извршување работи и работни задачи со кои има склучено договори за дело од 2006 година што е спротивно на Законот за работни односи. | Постапките за вработување да се спроведуваат согласно законските прописи кои ја регулираат оваа област. | Спроведено | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.4.1. | Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Берово со состојба на 31.12. 2006 година не е целосно извршен и тоа:<br>- не е извршен попис на обврските и побарувањата, а искажаната состојба не е потврдена со веродостојна документација за правниот основ;<br>- за средствата и инвентарот изготвени се пописни листи кои содржат само количини без вредности. Дел од истите се јавуваат како вишок, односно средства кои не се евидентирани во сметководството и кои се без утврдена вредност;<br>- опремата е без инвентарни броеви;<br>- преземените постојани средства од единицата за противпожарна заштита не се евидентирани во сметководствената евиденција на општина Берово. | Комисијата за попис да се ангажира за извршување на пописот согласно законските одредби од Правилникот за сметководство кај буџетите и буџетските корисници.<br>Одделението за сметководство да преземе мерки да ги евидентира неевидентираните средства како и да воведе инвентарни броеви на опремата. | Делумно е спроведена | Пописот на побарувањата и обврските не е во согласност со Правилникот, на опремата се ставени инвентарни броеви. Дел од средствата се вреднувани и внесени во евиденција |
| 11.4.3. | За дел од позициите искажани во Билансот на состојба за 2006 година во вкупен износ од 1.209 илјади денари ревизијата не изразува мислење за реалноста на истите и тоа по основ на:<br>- Земјишта од 889 илјади денари;<br>- Обврски за данок на добивка од 19 илјади денари, и<br>- Обврски за плати и други обврски спрема вработените за износ од 382 илјади денари.<br>Ревизијата не доби документација за основаноста на овие позиции. | Да се преземат мерки за утврдување на реалноста на искажаните состојби, и Градоначалникот да му предложи на Советот донесување соодветна одлука на основа која ќе се изврши правилно евидентирање. | Спроведено | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.5.** | **Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки** | | | |
| | 11.5.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 година ревизијата го утврди следното:<br>- во Првата фаза на Ограничен повик извршен е избор на понудувач кој не ги исполнува законските услови;<br>- тендерската документација не ги содржи задолжителните елементи;<br>- во постапката за избор на понудувач за Изградба на објект локален пат не е испочитуван рокот за склучување на договорот;<br>- во дел од постапките нема предвидено износ на средства потребни за реализација на ЈН;<br>- во постапката за Отворен повик 19/06 нема записник од отварање на понудите;<br>- по постапката отворен повик за Изградба на атмосферска канализација најповолниот избран изведувач нема доставено комплет задолжителни податоци и склучен поддоговор со подизедувачот;<br>- во сите постапки за јавни набавки нема поднесено изјави за непостоење конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавни набавки. | Градоначалникот како одговорно лице да создаде услови да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката. | | Промена на законска регулатива во 2007 година. Постапките за ЈН во 2010 година се водат во согласност со Законот за ЈН. |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ___________________________
*2.* ___________________________ ____________________